Друштво за осигурување
СИГАЛ Иншуренс Груп АД
Бр. 0202 - 32 / 1
16.03.2025
СКОПЈЕ

Управниот одбор на Друштвото за осигурување СИГАЛ Иншуренс Груп АД Скопје на седница одржана на ден 16.03.2026 год. ја донесе следната

**О Д Л У К А**

**Член 1**

Се усвојуваат измените и дополнувањата на Посебни услови за осигурување на одговорност на лекари и останати здравствени работници бр. 011/12 од 27.06.2012 година .

**Член 2**

1. Во Член 1 став (1), зборовите „*УНИКА АД Скопје*" се заменуваат со зборовите „*СИГАЛ Иншуренс Груп АД Скопје*"
2. Во членот 12 „Обврски на осигуреникот по настанување на осигурениот случај" се додава нов став (10) кој гласи „ *(10) Договорувачот,осигуреникот,корисникот и секое трето лице е должно да поднесе барање за надомест на штета на начин и рокови дефинирани со овие услови .Доколку истото лице поведе судска постапка за надомест на штета без да поднесе вонсудско барање за надомест на штета, или поведе судска постапка пред истек на рокот определен за осигурувачот вонсудски да даде одговор на поднесеното барање, таквата тужба согласно овие услови ќе се смета за преуранета и неоснована, и трошоците за истата се на товар на тужителот.*"
3. Член 18 „ Право за поднесување на приговор или барање за арбитража " се брише.
4. Член 19 „Постапка по приговор" се брише.
5. Член 20 „Постапка за ад хок арбитража" се брише.
6. Членот 21 станува Член 18
7. Членот 22 станува Член 19
8. Членот 23 станува Член 20
9. Членот 24 станува Член 21
10. Членот 25 станува Член 22
11. Членот 26 станува Член 23
12. Членот 27 станува Член 24
13. Членот 28 станува Член 25

14. Членот 26 „Надлежност во случај на спор" кој станува Член 23 се менува и гласи

*„Член 23 Надлежност во случај на спор*

*Во случај на спор помеѓу Осигурувачот од една страна и Договорувачот,осигуреникот, корисникот и/или секое трето лице од друга страна надлежен е Основниот граѓански суд Скопје."*

**Член 3**

Оваа одлука стапува на сила на 01.04.2026 година.

**Член 4**

Се задолжува Секторот за правни работи, човечки ресурси и законска усогласеност, новите Услови да ги достават до Агенцијата за супервизија на осигурување во рок од 5 дена од усвојувањето на оваа одлука,.

*Образложение:*

Друштвото за осигурување СИГАЛ Иншуренс Груп АД Скопје, пристапува кон измена на постојните услови првенствено со цел за усогласување на новиот назив на Друштвото со текстот на самите услови за осигурување.
Дополнително, Друштвото пристапи и кон дополнување на условите во насока на дефинирање на обврската за пријава на штети и дефинирање на надлежен суд и застарување на побарување.

СИГАЛ Иншуренс Груп АД Скопје
Претседател на Управен одбор
[illegible]

SIGAL Insurance Group
Друштво за осигурување
СИГАЛ Иншуренс Груп АД Скопје
Генерална дирекција